Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 80, 15 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област применета кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област молекуларна биологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез гитара – техника 1“ од доцент Антонијо Китановски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика и (статика)“ од доцент д-р Симеон Симеонов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот мотори со внатрешно согорување“ од доц. д-р Златко В. Соврески и помл. асис. Владимир Тевдов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ ФАРМАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука број 2502-112/16 од 8 март 2012 година, донесена на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, формирана е Рецензентска комисија за избор на ***соработник помлад асистент/асистент*** за научно подрачје ***фармација*** во состав:

- проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател;
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член;
- доц. д-р Бистра Ангеловска, член.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентска комисија на Наставничкиот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, за избор на еден еден извршител, објавен во дневниот весник „Дневник" на 15 февруари 2012 година, за научното подрачје фармација, се пријави кандидатката **м-р Даринка Ѓоргиева**, магистер по фармацевтски науки.

За избор во асистент, кандидатот треба да ги исполнува условите наведени во членот 129/130 од Законот за високото образование и Правилникот за единствените критеруми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Потребните документи за кандидатура за избор, наведени во Конкурсот, беа доставени во целост, и тоа:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование;
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда дека се служи со еден од светските јазици;
- список на објавени научни и стручни трудови;
- уверение за државјанство.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Даринка Ѓоргиева** е родена на 8 ноември 1978 година во Струмица. Дипломира на Фармацевтскиот факултет при Медицинскиот универзитет во Софија, Р. Бугарија, во 2002 година, со среден успех 9,70, **со одбрана на дипломската работа на Катедрата за фармацевтска хемија и** аналитика под наслов „Спектрометриска и дензитометриска анализа на дермални лековити производи кои содржат *Salicylic acid и Resorcinol*".

Во ноември 2007 година се запишува на постдипломските студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје, област токсиколошка хемија, каде што ги положува сите предвидени испити со среден успех 9,89. На 28 септември 2011 год. со одбраната на магистерската работа под наслов „*Генотоксични ефекти на ксенобиотици: компаративно истражување со растителни модели*" се стекнува со звање магистер по фармацевтски науки.

Од останатите квалификации има познавање за работа со компјутери и

активно познавање и користење на англиски јазик, а од останатите странски јазици разбира, говори и пишува на бугарски јазик.

***Професионална активност***

Во периодот од 2002 до 2004 год. работи како фармацевт во аптека во Софија, Р. Бугарија. Од 2004 до 2007 год. работи како фармацевт во ПЗУ „Здравје" - Штип, а во 2007 год. е избрана за помлад асистент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за научните области хемија, биохемија и фармакологија.

***Научна и стручна активност***

***Објавени трудови***

1. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Assessment of Heavy Metal Pollution in R. Macedonia Using a Plant Assay*, Archives of Environmental Contamination and Toxicology, 2011; 60(2):233-240 (IF 1.93 (2010).
2. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Content of Toxic and Essential Metals in Medicinal Herbs Growing in Polluted and Unpolluted Areas of Macedonia*, Archives of Industrial Hygiene and Toxicology, 2010; 61:297-303 (IF 0.826 (2010).
3. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Some Toxic and Essentials Metals in Medicinal Plants growing in R. Macedonia*, American-Eurasian Journal of Toxicological Sciences, 2010; 2 (1): 57-61.
4. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Metalic Trace Elements in Medicinal Plants from Macedonia*. Middle-East Journal of Scientific Research, 2011; 7(1): 109-114.
5. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Mitrev S, Kovacevik B, Kostadinovska E, Bačeva K, Stafilov T. *Assessment of the Genotoxicity of Heavy Metals in Phaseolus vulgaris L. as a Model Plant system by Random Amplified Polymorphic DNA (RAPD) Analysis*. Journal of Environmental Science and Health, Part A; 2012; 47(3): 366-373 (IF 1.263 (2010).

***Презентирани трудови***

1. **D. Gjorgieva**, K. Smilkov, B. Gorgeska, *Biomonitoring of Metals in Serum Samples*, Abstract book, 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.05.2010, Ohrid, R. Macedonia; p. 27 - постер
2. K. Smilkov, **D. Gjorgieva**, B. Gorgeska, *Beneficial effects of probiotic use in food*, Abstract book, 33rd International Medical Scientific Congress for students and young doctors, 13-16.05.2010, Ohrid, R. Macedonia; p.28 - постер
3. E. Janevik-Ivanovska, I. Gjorgoski, B. Crcareva, M. Stojmirov, A. Boschi, L. Uccelli, M. Pasquali, **D. Gjorgieva**, K. Smilkov, N. Kamcev. *Experimental Animal Models as a Fundamental Tool for the Development of New Radiopharmaceuticals*. Serbian Journal of Experimental and Clinical Research, 2010; p.125 – усна презентација
4. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Micro- and Macroelements in Urtica dioica L. (Urticaceae)*, Abstract book, XXI Congress of chemists and technologists of Macedonia with international participation, Ohrid, R. Macedonia, 23-26.09.2010, pp. - постер
5. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Metal Content in Medicinal Plants Growing in Macedonia*. Arhiv za farmaciju, 2010; 60: p.1103 - постер
6. **Gjorgieva D**, Smilkov K, Gjorgjeska B. *Assessment of heavy metal levels in serum samples of professionally exposed workers*. Arhiv za farmaciju, 2010; 60: p.1102 - постер
7. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Monitoring of Heavy Metal pollution Using Plant Assay*. Arhiv za farmaciju, 2010; 60: p. 1105 - постер
8. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Ruskovska T, Bačeva K, Stafilov T. *Metal Accumulation and Antioxidative Status in Selected Medicinal Plants*. Pharmacia, 2011; vol. 58 (suppl.), p.72 - постер
9. Ruskovska T, **Gjorgieva D**, Crcoroska M, Kukovska V. *Total Antioxidant Level in Caffeine-free Herbal Infusions Suitable for Unrestricted Everyday Use*. Pharmacia, 2011; vol. 58 (suppl.), 80-81 - постер
10. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Ruskovska T. *Heavy Metals Induced DNA Damage and Total Antioxidant Status in Urtica dioica (Urticaceae)*. SFRR – Europe 2011 Meeting, Abstract book, 2011; p. 75 – постер

11. Ruskovska T, **Gjorgieva D**, Crcoroska M, Kukovska V. *Total Antioxidants in the Traditional Preparation of Some Wild Macedonian Fruits*. SFRR – Europe 2011 Meeting, Abstract book, 2011; p. 75 – постер
12. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Ruskovska T. *Antioxidant Status and DNA Damage Induced by Heavy Metals in Matricaria recutita L. (Asteraceae)*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 57 (suppl), 2011; 144-146 – постер
13. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Mitrev S, Kostadinovska E, Kovacevik B. *Assessment of Genotoxicity of Xenobiotics by RAPD-PCR*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 57 (suppl), 2011; 146-147 – постер
14. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Mitrev S, Kovacevik B, Kostadinovska E. *New Trends in Biomonitoring: Application of RAPD-PCR and Plant Model Systems to Genetic Ecotoxicology*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 57 (suppl), 2011; 133-134 – усна презентација
15. Ruskovska T, **Gjorgieva D**, Crcoroska M, Kukovska V. *Content of Total Antioxidants in Infusions Prepared From Medicinal Plants Frequently Used in Republic of Macedonia*. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 57 (suppl), 2011; 197-199 – постер
16. **Gjorgieva D**, Kadifkova-Panovska T, Ruskovska T. *Total Antioxidants Level and DNA Damage in Plant Model System Subjected to Heavy Metals Phytotoxicity*. 10th Indo-Italian Workshop on Chemistry and Biology of Antioxidants, Abstract book, Rome, Italy 10-12.11.2011; p.40 – усна презентација

***Освен наставната активност, вклучена е и во научноистражувачката работа. Како дел од научноистражувачкиот тим, учествува во реализацијата на проектите:***

1. Определување на тешки и токсични метали со примена на методите на ICP-AES и ICP-MS, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, (2010 – *во тек*);
2. Establishing Nuclear Medicine to Improve Health Care of Patients Affected by Chronic Diseases", IAEA (No MAK6013), (2012-2014).

Студиски престој во Institute of Forensic Sciences, Istanbul University, Istanbul, Turkey (Институт за форензички науки, Истанбулски универзитет, Токсиколошка лабораторија, Истанбул, Турција), од 15.3.2010 до 30.3.2010 год.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот се гледа дека кандидатката Даринка Ѓоргиева, магистер по фармацевтски науки, ги исполнува сите услови според Конкурсот, како потврда за нејзината стручна и научна активност.

М-р Даринка Ѓоргиева е вработена како помлад асистент на Факултетот за медицински науки на УГД во Штип од основањето во 2007 година. Во изминативе години со целокупниот ангажман и активност се покажа како многу успешен соработник во одржувањето на практична настава по поголем број на предмети на Факултетот за медицински науки, на Студиската програма по фармација, а истовремено и со својот потенцијал како успешен учесник во поголем број на научноистражувачки проекти.

Од приложениот список на публикувани и презентирани трудови во земјава и во странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност во својата област.

Има пријавено докторска теза на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот „Св. Килрил и Методиј“ во Скопје од областа на хемијата.

Врз основа на анализа на доставената документацијата на Конкурсот, ценејќи ја нејзината целокупна стручна, научна и наставна активност, констатиравме дека пом.асис. Даринка Ѓоргиева, магистер по фармацевтски науки ги исполнува сите услови за избор во соработничко звање асистент за научно подрачје фармација.

Поради сѐ што досега беше кажано, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере пом. асис. Даринка Ѓоргиева, магистер по фармацевтски науки во звање асистент за научното подрачје фармација.

**РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, член, с.р.**

## П Р И Л О Г 1

### Табела за вреднување на активностите на кандидатката м-р Даринка Ѓоргиева

| Вид на активност | Број | Поени | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство | |
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 48 | 0.2 | | 8 |
| | | | | |
| **Научноистражувачка дејност** | | | | |
| 1. Труд со оригинални научни резултати објавени во списание опфатено во SCI/CA/останати (9/6/3) | 3<br>2 | 9<br>6 | | 27<br>12 |
| 2.Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава и во странство | 7 x 1.5<br>2 x 2<br>7 x 1 | 1/1.5 | 1.5/2 | 19.5 |
| 3.Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | 4 |
| 4.Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 2 x 3<br>1 x 2 | 2 | 3 | 8 |
| | | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | | |
| 1. Труд во стручно (научнопопуларно) списание | 1 | 2 | 6/3 | 2 |
| 2.Член на факултетски орган, комисија<br>- член на Комисија за упис на студенти, 09/10, 10/11, 11/12;<br>- член на Факултетска пописна комисија 2011 год.<br>- член на Тендерска комисија, 2011 | 6 | 2 | / | 12 |
| **Вкупно** | | | | **102.5** |